# ОД РАБОТАТА НА ОСМИОТ КОНГРЕС НА МУЗЕЈСКИТЕ ДРУШТВА ВО ЈУГОСЛАВИЈА
(Пула 26—30. V 1975 година)

Кон крајот на месец мај 1975 година е одржан во Пула Осмиот конгрес на музејските работници на Југославија во присуство на околу 300 делегати и гости. Организацијата на Конгресот ја водеше Координациониот одбор на Сојузот на музејските друштва на Југославија, а подготовките ги спроведе Организациониот одбор на Сојузот на музејските друштва на Хрватска со непосредно учество во реализацијата на Друштвото на музејските работници на Истра и Археолошкиот музеј во Пула. Покровител на Конгресот беше Републичкиот секретаријат за просвета, култура и наука на СР Хрватска.

Во една изразито работна атмосфера делегатите учествуваа во работата на Конгресот на кој беа поднесени 44 реферати, а во кои беа опфатени теми од сите области на музеологијата. На пленарна седница се одржаа 15 предавања, а останатите 5 секции (музеолошка, културно-историска, педагошка, природонаучна и техничка).

Со оглед на тоа дека Конгресот се одржуваше во Истра, а за подобро информирање на поголемиот број на делегати за запознавање на минатото и современиот живот на одделни краеви и народи на нашата земја, организаторите направија добар потег кога во програмата за работа на Конгресот предвидоа и предавања на тема за Истра, нејзините музеи и културно-историски споменици. Овие седум предавања беа одржани на пленарни седници. Исто така и стручната екскурзија низ Истра, која беше успешно изведена, придонесе за уште подобро запознавање со културно-историските споменици и природни знаменитости на јужниот дел на Истра.

Во текот на работата на Конгресот беа отворени три изложби: Фреско-копии од Истра, Истарски етнографски сувенири и Изложба на истарска фолклорна музика, камерна музика и концерт на оргуљи во црквата Св. Анте во Пула.

Сите теми заедно, несомнено, сеопфатно и сестрано ја осветлуваат актуелноста на музејската проблематика во нашата земја. Од насловите на рефератите и нивната содржина се гледа дека тие ја обработуваат актуелната музеолошка проблематика која е присутна во сите републики и покраини на Југославија. На пример: Развојот на музејската мрежа и меѓумузејска соработка, музејската педагогија а во врска со општествените промени кај нас беа опфатени и темите за местото и улогата на историските музеи и за прибирањето и заштитата на музејскиот материјал од современата историја односно сегашноста. Рефератите ги одразуваат настојувањата на музејските работници на Југославија музеолошката дејност да не се ограничи исклучиво на стручната и научна работа, туку да излезат од некогашната кабинетска зачауреност и да ја насочат својата дејност по пат на новата општествена функција на музеите во сегашните крупни општествени настани што се одразуваат и на подрачјето на културата. Оваа современа општествена функција музеите можат да ја

остварат преку доследната примена уставните начела во здружување на трудот и неговата размена врз основа на самоуправно договарање и спогодување.

Во издание на Музејскиот документационен центар во Загреб рефератите на Конгресот беа објавени во списанието МУЗЕОЛОГИЈА бр. 17 и 18 и истите беа поделени на делегатите заедно со други пропагандно-туристички материјали.

На Конгресот беше избран нов Координационен одбор и се одлучи седиштето на Одборот во наредните четири години да биде во Сараево.

Освен стручната екскурзија низ Истра, последниот ден се реализира уште една стручна екскурзија во Риека со разгледување на културно-историските споменици во градот, посета на музејски установи, изложби и еден концерт на камерна музика.

Драган ПЕТКОВСКИ